Na konkursot sto go raspiša Fondacijata za Umetnost na Severna Anglija (Northern Arts), za učestvo vo skulptorskiot projekt vo Grajzdelovata šuma (Grizedale Forest Sculpture Project), megu 139 kandidati dobitnici za 1990 godina, bea Gligor Stefanov i Petre Nikoloski.

Od 8.juni do 25.avgust 1990. organizatorite ovozmozija da se izvedat dve monumentalni dela: HERUVIMSKI KRILA (Cherubic Wings) na Gligor Stefanov i ŽIVOTEN PROSTOR (Living Space) na Petre Nikoloski.

Kompozicijata HERUVIMSKI KRILA se sostoji od 18 elementi napraveni od raznovidni granki i stebla. Vo od veterot srušenite stebla, se izbušeni okolu 1200 dupki i vo niv so lepak se fiksirani grankite.

Avtorot se inspirira od jakite vetrovi koji često duvaat vo ezerskata oblast (Lake District) i uništuvaat pogolemi delovi od šumata. Kako pojdovna tocka go zema momentot pred nego sto bidat srušeni steblata, koga se ušte se držat, se borat i se sprotistvuvaat na naletite od veterot. Takvata napnatost e podržana so izborot na agresivno i prilicno razurnato mesto kade sto vo dolžina od 27 metri e instalirana kompozicijata.

Vo nea dominira ekspresivniot crtež na grankite koji gi formira dinamičnite i geometrijski oblici na krilata. Krila od duhovni suštestva, Heruvinski (angelski) krila, so plamena energija.

Vo toj kontektst na 23.avgust vo 22 časot, avtorot izvede performans na koj ja dopolni kompozicijata so 60 zapaleni fakeli i sveći.

Objektot „LIVING SPACE XXXI.1.90." (raboten naslov - ZID") nastana kako "neposredna komunikacija so oklnostite koji" go opkružuvaa i uslovuvaa avtorot i stotici suvo zidani zidovi (kamen na kamen) koi, 300-400 godini se sprotistvavuaat na raspaganjeto i ja ispresekuvaat ogromnata borova šuma.

Na 24.avgust vo 11 časot vo sorabotka so Zena Bast vo utrobata na objektot, avtorot izvede performans.

Realizacija na performans vo sorabotka na drug, ravnopraven avtor se nadovrzuva na negovoto dosegašno ispituvanje na prostorot. Vo ovoj slučaj toj prostor beše „ZID," koj vo sebe krije tišina, nataloženo vreme, životen prostor za ptici, insekti, zmii.

Na krajot od 60cm. tesniot hodnik vo sredinata na cilindrično izvišeniot prostor (5m.) se naoga stolb vo koj avtorot ja „zazida" Zena Bast.
Paganski obicaj za vecnost na gradba: most, tvrdina i sl.